ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## НА ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ-СКОПЈЕ

**за**

**2018 година**

*Скопје, јануари 2018 год.*

***МИСИЈА***

*Заводот има мисија за обезбедување развој на компетенции и квалификации, сертифицирање,поддршка и насочување како и лична професионална промоција на давателите на социјални услуги. Заводот обезбедува актуелни информации и податоци за состојбите во областа на социјалната заштита како основа за планирање, развивање и унапредување на квалитетот на услугите кон граѓаните.*

***ВИЗИЈА***

*Заводот е современа, ,динамична и флексибилна институција со функционален тим, препознаен квалитет, капацитет и професионален пристап, која се грижи за кариерниот и професионален развој на своите вработени, обезбедува стимулативни услови за работа и примена на меѓународно прифатени стандарди.*

***НАМЕРА***

*Квалитетни услуги кон граѓаните обезбедени во современ систем на социјална заштита кои превенираат ранливост и исклученост и овозможуваат способност за справување со социјалните ризици и функционално живеење.*

## ВОВЕД

ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје (во понатамошниот текст Завод) е установа која ги следи и проучува социјалните појави и проблеми , врши надзор над стручната работа на установите за социјална заштита и вработените во нив, заради согледување, следење, контрола, увид и унапредување на начинот и квалитетот на стручната работа и ефикасноста во остварувањето на функциите во установите за социјална заштита, организира и спроведува облици на едукација на стручните работници во областа на социјалната заштита за потребите на процесот на лиценцирање и активности во рамки на функционирањето на Комисијата за лиценцирање.

Заводот во насока на унапредување на социјалните дејности, во своето работење е насочен кон зголемување на задоволството на корисниците, партнерски однос кон соработниците, вложување во унапредувањето во сопственото работење, практикувајќи принципи на професионалност, компетентност, независност и квалитет.

Резултатите на поддршка на севкупниот развој на институционалните капацитети на социјалните актери за воспоставување, унапредување, примена и следење на социјалните услуги се мерливи показатели на успешноста на Заводот за социјални дејности –Скопје во реализирање на утврдените програмски задачи.

Програмската ориентација на Заводот за социјални дејности-Скопје за 2018 година се заснова пред се на:

- Примена на нови и унапредени механизми на следење на реализацијата на целите поставени во законите и стратешките документи
- Резултатите на следење и евалуација на остварување на правата, примена на мерки и давање на услуги на социјална заштита согласно потребите на корисниците изложени на социјални ризици и мерење на квалитетот и ефектот на деденитe услуги
- На досегашните стекнати знаења и во пракса проверени решенија во давање различни видови поддршка на актерите во системот на социјална заштита
- Активната улога во процесот на деинституционализација /трансформација на установите за социјална заштита и во креирањето на вонинституционални форми и сервиси / услуги на локално ниво
- Позитивните искуства од давање поддршка на локалните самоуправи за развој на социјални услуги на локално ниво
- Позитивните искуства од градење партнерства и соработка со институиции од јавниот и граѓанскиот сектор(домашни и меѓународни)

Основен предуслов за успешно реализирање на дефинираните програмски задачи на Заводот за социјални дејности-Скопје претставува усогласено делување на сите актери во достигнување на целите за развој на системот на социјална заштита во РМ. Програмските активности на Заводот за 2018 година ќе бидат усогласени со вкупниот контекст во кој се одвива процесот на развој и унапредување ,вклучувајки ги приоритетните активности и реформски заложби на Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика

Планираните програмски активности ќе се реализираат во зависност од расположливите и достапни средства за реализација обезбедени од буџетот на РМ и преку извори од донатори во рамки на планирани проектни активности.

Заводот за социјални дејности дел од Програмските активности за 2018 година ќе ги реализира во рамки на веќе воспоставена соработка и поддршка од страна на УНИЦЕФ и ГИЗ Канцеларија во Македоникја.

Планираните програмски активности ќе се реализираат согласно Оперативен план.

**Капацитети на Заводот**

***Кадровски капацитети***

Деловната 2018 година, ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје ја започнува со 23 вработени, според следнава структура:

***Структура според работни места:***

| | |
|---|---|
| В.Д.Директор (дипл.правник) | 1 |
| стручни извршители(даватели на јавни услуги) | 21 |
| извршители на административно технички работи | 1 |

***Структура на вработени според профилот*:**

| | |
|---|---|
| дипломиран социјален работник | 4 |
| дипл.соц.работник-специјалист по ментално здравје | 1 |
| м-р. по социјална работа и соци.политика | 3 |
| д-р по педагошки науки | 2 |
| м-р.по човечки ресурси, дипл.педагог | 1 |
| м-р поевропски студии за интеграција и комуникација – дипл педагог | 1 |
| дипломиран психолог | 3 |
| дипломиран правник | 3 |
| дипломиран дефектолог | 2 |
| дипл. социолог, м-р. по соц. работа и соц. политика | 1 |
| економист | 1 |

***Организација на работата***

Работата на Заводот е организирана во 4 служби :

-Служба за административни и помошно-технички работи -со 2 оддела (со 1 извршител)

-Служба за надзор над стручна работа,мониторинг и евалуација(11 извршители)

-Служба за истражување,анализа,едукација и развој (6 извршители)

-Служба за координација,информирање и поддршка (4 извршители)

*Просторно-технички капацитети*

ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје е лоциран во зградата на Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз“ бул. „11 Октомври“ 42 а, Скопје. Користи 17 работни простории, од кои една просторија е Центар за обука за континуиран развој.

Заводот располага со едно моторно возило, кое со оглед на законската надлежност за следење на работата на установите за социјална заштита низ Републиката, не ги задоволува потребите за економично, ефикасно и ефективно постапување.

Техничката опрема ги задоволува потребите на вработените во Заводот и тековно се обновува.

## ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ

Во 2018 година планираните програмски активности се насочени кон остварување на Мисијата, Визијата и Намерата на Заводот,а во контекст на приоритетите на Владата и Министерството за труд и социјална политика за осовременување и редизајнирање на системот на социјална заштита -поврзани со процесите на деинституционализација/трансформација, децентрализација и плурализација на услугите и практикување на приод заснован на човекови права.

Во процесот на дефинирање на стратешките правци на делување и стартешките цели на развој на социјалната заштита, Заводот препозна четири істратешки важни цели во кои се содржани програмските активности и дејноста на Заводот.

Во текот на 2018 година планираните цели ќе се реализираат како континуитет на започнатите активности во претходните години.

Општите цели кои во текот на 2018 година ќе се реализираат низ разни активности се:

***Општа цел 1. Достигнување на континуирана препознатливост на Заводот како институција во системот на социјална заштита согласно своите надлежности***

***Општа цел 2. Подобрен квалитет на социјални услуги во системот на социјална заштита***

***Општа цел 3. Иницирање на промени и промовирање на добри пракси усогласени со европски политики и пристапи во социјалната заштита како предуслов за унапредување на социјалната политика***

***Општа цел 4. Јакнење на капацитетите на институциите за развој на услуги за социјална заштита на локално ниво***

**Општа цел 1. Достигнување на континуирана препознатливост на Заводот како институција во системот на социјална заштита согласно своите надлежности**

| | | |
|---|---|---|
| ***Специфична цел 1.1. Континуирано унапредување на професионалните компетенции на вработените согласно Едукацискиот концепт на Заводот за 2018*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 1.1.1 Учество на вработените на разни облици на стручно усовршување | -Унапредени знаења и вештини на организациско и индивидуално ниво согласно Едукациски концепт на Заводот за 2018 | континуирано |
| 1.1.2. Организациско учење | - зголемена информираност и унапредени знаења и вештини | континуирано |
| 1.1.3 Континуирано збогатување на библиотечниот фонд на Заводот | - Зголемен број на наслови во библиотеката | континуирано |
| 1.1.4. Обука за користење на податоци од Лирикус- on-job- traning | - Подобрено познавање и користење на програмата ЛИРИКУС | континуирано |
| ***Специфична цел 1.2. Равој на мрежата на соработници и партнери и унапредување на постојните соработнички односи со клучни институции на системот*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 1.2.1 Воспоставување и унапредување на соработка со релевантни научни и стручни институции во земјата и странство | -Дефинирани области на соработка<br>-Потпишани меморандуми за соработка<br>-Заеднички програми и проекти | континуирано |
| 1.2.2 Унапредување на облиците и начините на соработка со релевантни институции и организации во системот на социјална заштита,во јавниот, цивилниот и приватниот сектор | -Дефинирани области на соработка<br><br>-Унапредена работа на заеднички програми и проекти | Континуирано |
| ***Специфична цел 1.3 Промовирање на работата на Заводот*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 1.3.1. Одржување и континуирано унапредување на електронската презентација – web страна на Заводот | -Сите информации од значење навремено се поставени на web страната | континуирано |
| 1.3.2.Промоција на web страната на Заводот при екстерни презентации и активности на Заводот | -Зголемен интерес на јавноста за користење на информации поставени на web страната | континуирано |
| 1.3.3.Организирање на работни средби, конференции и изготвување промотивен материјал | -промовирана работата на Заводот | континуирано |

***Општа цел 2*. Подобрен квалитет на социјални услуги во системот на социјална заштита**

| ***Специфична цел 2. 1*. *Обезбедена евиденција на корисниците на услуги од социјална заштита во ЦСР*** | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 2.1.1. Ажурирање на податоците во електронска база на податоци ЛИРИКУС (теренска работа во ЦСР) | -Надминати проблеми и недостатоци за внесување податоци во Лирикус | Континуирано |
| 2.1.2. Воспоставување/ажурирање на база за вработени стручни работници во ЦСР | - пополнување на базата за вработени лиценцирани стручни работници | Континуирано |
| 2.1.3. Поврзување на податоци од ЛИРИКУС и СПИЛ Програмата и други институции | -Започнато поврзување и размена на податоци од Лирикус со други бази на податоци | Континуирано |
| ***Специфична цел 2.2*. *Анализирање на социјалната ситуација на корисниците на права, мерки и услуги како и ефектите од услугите*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 2.2.1. Идентификување и систематизација на услуги/права на корисниците од одредени социјални ризици | - Изготвени извештаи од анализата на корисници на социјални услуги | Континуирано |
| 2.2.2.Активности за трансформација/ деинституционализација на институциите<br>-теренски посети на установите<br>-преиспитување на статусот на сместените корисници<br>-работни средби со УСЗ ,ЦСР и локални самоуправи, граѓански сектор и во рамки на работни групи<br>-изготвување на стручни материјали | -реализирани планираните активности<br>-согледани се сите околности и предложени модели за трансформација на УСЗ<br>-започнат е процесот на деинституционализација<br>-изготвени се стручни материјали | Континуирано /согласно Акционен план за деинституц. |
| 2.2.3.Следење на квалитетот на грижа за децата сместени во згрижувачки семејства<br>-теренски посети на згрижувачките семејства<br>-увиди во досиеја во ЦСР за згрижувачките семејства<br>-изготвување на извештаи | -подобрен квалитетот на грижа за сместените деца<br>-примена на Стандардите и процедурите за сместување во згрижувачко семејство<br>-обезбедена поддршка на децата и згрижувачките семејства | континуирано |
| 2.2.4.Развој на мрежа на згрижувачки семејства<br>- партиципирање во активности за кампања за згрижувачки семејства | -зголемено сензибилизирање за згрижување во семејство<br>-зголемен број на згрижувачки семејства | континуирано |
| 2.2.5. Следење и евалуација на условите и ефектите на заштитата на децата и семејството од сите видови ризици<br>- изготвување извештаи, информации и други потребни материјали | - подобрена заштита на децата и семејствата<br>- изготвени извештаи | Квартално |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| ***Специфична цел 2.3. Развивање и унапредување на модел на следење и известување за работата на давателите на услуги во социјалната заштита*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 2.3.1. Следење на програмирањето и известувањето за работата на ЦСР и УСЗ- преку увид во изготвените Програми и Извештаи | **-**подобрено планирање и известување | Континуирано |
| 2.3.2.Анализирање на податоците и индикаторите и изготвување на синтетизирани извештаи за ЦСР и за одредени УСЗ групирани според видот на сместените корисници | -Изготвени поединечни и синтетизирани извештаи<br>-Доставени до УСЗ , ЦСР и МТСП | Континуирано |
| 2.3.3. Изготвување на предлог мерки и препораки за отстранување на неправилности во работата на ЦСР и при сместување на корисници во установи | -Собрани и обработени податоци<br><br>-Изготвени анализи и доставени до УСЗ , ЦСР и МТСП | Континуирано |
| ***Специфична цел 2.4. Унапредување на компетенциите на стручните работници во ЦСР и УСЗ преку надзор над стручната работа, мониторинг, мерење на квалитетот на услугите, следење и други видови поддршка*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 2.4.1 Реализирање надзор и мониторинг над стручната работа, во ЦСР и УСЗ и определување мерки и препораки за постапување | -Увид во стручната работа и унапреден квалитет на социјални услуги | континуирано |
| 2.4.2. Следење на реализирањето на мерките и препораките | -Подобрени услуги кон корисниците | Континуирано |
| 2.4.3 Реализирање на индивидуална стручна поддршка на ЦСР согласно нивните индивидуални потреби и барања во спроведување на одредени постапки со корисниците | -Одржани состаноци за поддршка ( работни, координативни и on-job- traning ) | Континуирано |
| 2.4.4 Поддршка и стручна помош на стручните работници во УСЗ | одржани состаноци за поддршка - работни, координативни и on-job-traning | Континуирано |
| 2.4.5 Мониторирање на примена на одредбите од Кодексот на стручни работници во праксата | -Воспоставен систем на следење на примена на Кодексот на стручни работници | континуирано |
| 2.4.6 Мерење на задоволството на корисниците од дадените услуги | креирани и овозможени услуги по мерка на корисникот | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| ***Специфична цел 2.5. Реализирање на процесот на лиценцирање на стручните работници во системот на социјална заштита*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 2.5.1 Стручни и административни работи за потребите за полагање на стручниот испит и за работа на Комисијата за лиценцирање | -Непречено спроведување на процесот | Континуирано |
| 2.5.2. Активности за реализирање на процесот на лиценцирање согласно Законот за социјална заштита | -Воспоставен начин на лиценцирање согласно законски одредби | Континуирано |
| ***Специфична цел 2.6. Планиран континуиран професионален развој на стручните работници во системот на социјална заштита*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 2.6.1. Изготвување на Програма на Заводот за Континуирана едукација на стручните работници во установите во социјалната заштита за 2018 година – операционализирана согласно Плановите за КПР изготвени од ЦСР и УСЗ | -Изготвени Планови за КПР на ЦСР и УСЗ и<br>-Изготвена Операционализирана Програма на Заводот за едукација за 2018 година | прв квартал 2018 |
| 2.6.2. Организирање и испорака на обуки | - испорачана основна обука | прв,втор и трет квартал |
| | - испорачана континуирана обука | континуирано |
| 2.6.3. Мониторирање на примената на стекнатите знаења и вештини од обуките во практичната работа со корисници | -Применети стекнати знаења и вештини ( верификатор – стручна документација и задоволство на корисниците од услугите ) | континуирано |
| 2.6.4.Редизајнирање/осовременување на Програмата за Континуирана едукација на стручните работници во установите во социјалната заштита-во соработка со Уницеф | -редизајнирана програма и изготвени Модули за работа со специфични групи ранливи деца | Континуирано |
| ***Специфична цел 2.7.Унапредени компетенции на стручните работници во ЦСР преку примена на стандарди и процедури за раководење со предмет и за работа со одредени видови корисници*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 2.7.1 Следење на имплементацијата на стандардите и процедурите за работа на ЦСР | -Имплементирани стандарди и процедури | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| 2.7.2. Следење на имплементацијата на стандардите и процедурите за сместување и третман на корисник во установа за социјална заштита | -Имплементирани стандарди и процедури во установите за институционална заштита | Континуирано |
| 2.7.3.Изготвување на стандарди и процедури за одредени услуги | -изготвени стандарди и процедури | Континуирано |
| 2.7.4. Подобрување на квалитетот на стручната документација | - подобрено евидентирање на стручната работа | Континуирано |

**Општа цел 3. Иницирање на промени и промовирање на добри пракси усогласени со европски политики и пристапи во социјалната заштита како предуслов за унапредување на социјалната политика**

| ***Специфична цел 3.1. Промовирање на позитивни искуства на давателите на услуги*** | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 3.1.1. Организирање и учество на работни средби, конференции ,семинари и подготовка на стручен / промотивен материјал | -зголемена информираност на заинтересираните страни на секторско/интерсекторско ниво | континуирано |
| 3.1.2. Учество во работата на работни групи и тела за изготвување на законски и подзаконски акти | - Прифатени стручни мислења и сугестии предложени од Заводот | континуирано |
| 3.1.3.Континуирано следење на актуелните законски решенија во системот на социјална заштита на национално ниво | -Унапредена информираност на вработените во Заводот за промените на прописите во системот на социјална заштита | континуирано |
| 3.1.4. Следење на законски решенија во системот на социјална заштита во регионот и на меѓународно ниво | -изготвување на компаративни анализи | континуирано |

**Општа цел 4. Јакнење на капацитетите на институциите за развој на услуги за социјална заштита на на локално ниво**

| ***Специфична цел 4.1 Воспоставување на меѓуинституционална и мултиресорска соработка во локални заедници заради координирање на активностите во заштита и давање услуги на ранливите групи граѓани*** | | |
|---|---|---|
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 4.2.1.Работни средби со претставници на институции/заинтересирани страни на локално ниво – за реализирање на процесите на деинституционализација, децентрализација и плурализација на услуги | -мапирани заинтересирани страни / потреби/ресурси<br>-воспоставена мултисекторска /меѓуинституционална соработка | **Континуирано** |
| 4.1.2. Информирање на ЦСР во РМ и локални самоуправи за позитивните практики и искуства од отворените Центри за социјални услуги | - зголемена сензитивност на ЦСР и на локалните самоуправи за развој на услуги на локално ниво | Континуирано |
| 4.1.3.Изготвување на анализа за потребата /можностите од отворање на ЦСУ во уште една општина | -Изготвена анализа | Втор квартал |
| ***Специфична цел 4.2. Јакнење на капацитетите на локалните самоуправи и заедници,граѓански организации и други заинтересирани субјекти*** | | |
| **Активности** | **Очекуван резултат** | **Рокови** |
| 4.2.2.Обуки на заинтересираните страни | -Зајакнати капацитети и зголемена сензитивност за социјалните појави и иницијативност за развој на ресурси на локално ниво | **Континуирано** |